Врз основа на член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија” бр. 19/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ЛИЧНАТА КАРТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ЛИЧНИ КАРТИ

Член 1

Во Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти („Службен весник на Република Македонија” бр. 116/2007 и 129/2007) во член 7 став 3 во третата реченица зборовите: „кои се однесуваат на посебни околности утврдени од страна на органот што ја издава личната карта (религиозни, медицински или културни)” се заменуваат со зборовите: „поради религиозни, медицински или културни причини”.

Член 2

Во членот 9 зборовите: „ги сноси трошоците за” се заменуваат со зборот: „обезбедува”.

Член 3

Во член 11 во ставот 2 по зборовите: „матичен број” се додаваат зборовите: „место и адреса на живеење,”.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 13.1-84550/1
26 декември 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.